***Автор:*** *Македонски центар за меѓународна соработка*
***Дата:*** *мај 2017*
***ISBN:*** *978-608-4681-85-4*
***PDF:*** sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-2.pdf
***Резиме:*** rezime-na-sledenje-na-rabotata-na-dksk-2.pdf
***Summary:*** summary-of-the-oversight-of-the-work-of-the-SCPC-2.pdf



Резултатите од следењето на работата на ДКСК за периодот јануари - март 2017 г. се дел од вториот квартален извештај. Од вкупно 31 индикатор следени во набљудуваниот периодот, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите"), 13 се остваруваат целосно во согласност со законот, 16 се остваруваат делумно, а два не се остваруваат.

Во овој период ДКСК одговорила на 1.460 барања за мислење од страна на државни институции за примена на Законот за спречување на корупцијата во изборен процес. ДКСК отворила 16 предмети за можни злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за парламентарните избори одржани во декември 2016 г., меѓутоа не подготвила посебен извештај којшто треба да го достави до Собранието на Република Македонија.

Во овој период, ДКСК не презела конкретни мерки за активна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти кои се однесуваат на обврските на јавните институциите. ДКСК продолжи со активно спроведување на активностите на полето на соработка и едукација.

Во периодот на следење, ДКСК го подготви и Годишниот извештај за своето работење во 2016 г. Годишниот извештај дава делумна слика за нивото на остварувања на надлежностите.

Целта на овие изданија е граѓаните и другите засегнати страни редовно да добиваат информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење. Секој извештај ќе содржи и заклучоци за соодветниот период што ДКСК ќе може да ги искористи за потврдување на достигнувањата и за подобрување во областите во кои е идентификувано потфрлање.

# ШТО СРАБОТИЛА ДКСК
## ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 г.?

### КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

**ПОДГОТВЕН, УСВОЕН И ОБЈАВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО ЗА 2016 Г.**

ВО ИЗВЕШТАЈОТ СЕ ЗАБЕЛЕЖУВА:

- Отсуство на **ДЕТАЛИ**;
- Нееднаков **ПРИСТАП ВО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ**;
- **СТРУКТУРАТА** не ја следи Годишната програма за работа.

АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА

Подготвено едно мислење за Законот за оружје.

Подготвен е Годишен план за спроведување АПЛ за веќе донесени закони.

Не е подготвен Годишен план за спроведување АПЛ за новите закони.

### НАДЗОР И КОНТРОЛА

- Постапено по **1460 ПРЕДМЕТИ** за мислење дали може да се преземат активности поврзани со **КОРИСТЕЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД.**
- Покренати **4 ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ** од извршување јавни овластувања и должности на лица.
- Примени **23** нови предмети за можно постоења **НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ**, а постапувано по вкупно 37 предмети
- Отворени се **14** предмети по **ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА** за сомневање за корупција
- Не е подготвен извештај за можни **ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА.**

Во Службен весник на РМ се објавени одлуки со кои 81 лице е избрано и именувано на функции.

- За **11 (8,91%)** лица се објавени **АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ**. За **70 (86,42%)** лица (најмногу судии-поротници) анкетните листови не се достапни на веб-страницата.
- Во **РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА** се објавени податоци за **6/81 (7%)** лица. За 75 лица нема објавени податоци.

Во Македонија има 1291 институција во јавниот сектор.

- Иако сите институции имаат обврска, само **18 (1,4%)** доставиле **ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ** во периодот јули - декември 2016.
- **0** институции од јавниот сектор доставиле информација за **ОВЛАСТЕНОТО ЛИЦЕ ЗА ПРИЕМ НА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ.**
- Не се преземени мерки за подобрување на примена на **ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ.**

ПО ОСНОВ ГЛОБА ЗА НЕПОСТАПУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ МОЖЕЛЕ ДА СЕ НАПЛАТАТ **162.800 ЕВРА**

### СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

- Одржана средба на **РАБОТНА ГРУПА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АНАЛИЗА НА ДИСКРЕЦИСКИТЕ ОВЛАСТУВАЊА.**
- Одржан **РАБОТЕН СОСТАНОК** со претставници на **ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.**
- Потпишани **ДВА МЕМОРАНДУМИ** за унапредување и проширување на **СОРАБОТКАТА СО НАУЧНИТЕ И ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.**
- **ЕДНА РАБОТИЛНИЦА** на тема „Процена на ризикот од корупција во институциите од јавниот сектор".
- Не се остварени **СРЕДБИ И СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** и **ПРИВАТЕН СЕКТОР.**